Општина Охрид
Градоначалник

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 50, став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр 5/02), член 15 став 1 точка 7, член 34 став 1 точка 15 од Статутот на општина Охрид, како и програмата за социјална и здравствена заштита на општина Охрид за 2023 година, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
## за начинот, постапката и критериумите за доделување на еднократна финансиска поддршка на семејство кое има дете со тешка попреченост во училишна возраст

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат начинот, критериумите и постапката за доделување на еднократна финансиска поддршка на семејство кое има дете со тешка попреченост во училишна возраст.

### Општи одредби

### Член 2

Општина Охрид за буџетската 2023 година, согласно програмата за социјална и здравствена заштита предвидува еднократна финансиска поддршка на семејство кое има дете со најтешка форма на попреченост во училишна возраст, кое не е корисник на стипендија или друг вид на поддршка од општина Охрид. Средствата треба да се наменети исклучиво за поддршка на деца кои се на училишна возраст но поради степенот на попреченост не се во можност да посетуваат настава и се лекуваат во домашни или болнички услови. Предвидената финансиска поддршка изнесува 15.000,00 денари по семејство. За оваа намена во буџетот на општина Охрид за 2023 година се предвидени 300.000,00 денари.

### Право на учество

### Член 3

На јавниот повик право на учество имаат лицата кои ги исполнуваат следните услови:

- да се жители на Општина Охрид;
- да се пациенти со најтешка форма на попреченост категоризирани со наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфични потреби, издадено од страна на центрите или други институции кои го утврдуваат тоа;
- да не се корисници на стипендија или друг вид на поддршка од општина Охрид;

### Начин и постапка

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

**Член 4**

По однос на јавниот повик потребно е да се достави следната документација:

- Пријава за еднократна финансиска поддршка на семејство кое има дете со најтешка форма на попреченост во училишна возраст
- Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и спесифичните потреби издадено од страна на центрите кои го утврдуваат истиот
- Извод на родени (копија)
- Копија од трансакциска сметка на еден од родителите;
- Изјава потпишана од родител/старател дека доставените документи се вистинити и дека детето не е корисник на поддршка од општина Охрид или друга стипендија/кредит од друга институција или компанија.

Пријавите заедно со документите се доставуваат по пошта во затворен коверт на адреса: Општина Охрид ул.„Димитар Влахов“ бр.57 – Охрид со назнака „За Комисија за спроведување на постапка за еднократна финансиска поддршка на семејство кое има дете со тешка попреченост во училишна возраст , или лично во архивата на општина Охрид.

Потребните документи треба да бидат доставени најдоцна 20 дена од денот на објавување на јавниот повик.

Документите на кандидатите кои се некомплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

Доставените документи не се враќаат.

**Член 5**

Градоначалникот на општина Охрид објавува Јавен повик за доделување на еднократна финансиска поддршка на семејство кое има дете со тешка попреченост во училишна возраст.

Доставените пријави по „Јавниот повик за еднократна финансиска поддршка на семејство кое има дете со тешка попреченост во училишна возраст, ги разгледува Комисија која ја формира Градоначалникот на Општина Охрид во состав од 3 (три) члена од редот на вработените во Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита. Еден од членовите на комисијата се именува за претседател.

Мандатот на членовите на Комисијата е 1 (една) година, со можност за повторно именување.

**Член 6**

Комисијата за отварање, разгледување, и одлучување по пристигнати пријави на Јавниот повик за еднократна финансиска

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

поддршка на семејство кое има дете со тешка попреченост во училишна возраст, работи во полн состав.

Комисијата нема да ги разгледува пријавите доставени по истекот на рокот на Јавниот повик, пријави доставени по електронска пошта и нецелосни пријави, без приложени документи кои задолжително се бараат.

Комисијата за својата работа води Записник.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

Утврдената ранк лист пред да се достави до градоначалникот, комисијата ќе ја достави до сите образовни институции на територијата на општина Охрид со цел да добие потврда дека лицата кои се на таа листа не посетуваат настава.

Градоначалникот врз основа на доставената ранг листа, донесува Одлука за избор.

Одлуката за избор ќе биде објавена на веб страната на Општина Охрид (www.ohrid.gov.mk).

Против Одлуката на Градоначалникот може да се поднесе приговор во рок од 8 (осум) дена од денот на известувањето за извршениот избор.

Приговорот се поднесува до Градоначалникот на Општина Охрид.

По поднесениот приговор Градоначалникот формира комисија од три члена во која задолжително членува претседателот на стручната комисија задолжена за спроведување на јавниот повик. Оваа комисија е должна во рок од три дена да ги разгледа наводите во приговорот, да изврши проверка и на Градоначалникот да му предложи дали приговорот да биде прифатен или отфрлен. Градоначалникот донесува решение согласно предлогот на комисијата.

**Завршни одредби**

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.